# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013

## МЕРКА 101

**Прашање:** Дали со мерка 101 се опфатени ситна јагода, капина, малина?

**Одговор:** Да, ниско стеблести овошја се прифатливи.

**Прашање:**Во врска со мерка 10131 Изградба на пластеници прифатлив корисник може да биде индивидуално земјоделско стопанство кое поседува 0.3 ха пластеници,или 0,3 ха земјоделска површина?

**Одговор:** За тип на инвестиција 10131 барателот треба да има "Пријавено производен капацитет пластеник" во Подрачната единица на МЗШВ согласно наведениот критериум 0,3ха сопственост или закуп на земјоделска површина, што се докажува со соодветен документ (имотен лист, договор за концесија, закуп и сл).

**Прашање:** Дали може постоечки лозов насад да се ископачи и засади со маслинка ?

**Одговор:** Не. Прифатливите инвестиции во лозови и овошни насади се однесуваат на засадување на садници на веќе постоечка површина под лозов / овошен насад и се однесуваат на замена на лозови насади постари од 20 години.

**Прашање:** Дали е прифатливо во ИПАРД засадување на овошни садници на празна површина ?

**Одговор:** Не. Површината треба претходно да е засадена со овошен насад. ИПАРД програмата поддржува обновување на постоечки овошни насади со замена на насади постари од 15 години или непрепорачани сорти, без зголемување на засадената површина.

**Прашање:** Кои сорти грозје се прифатливи за кофинансирање по ИПАРД?

**Одговор:** Исклучиво оние наведени во Правилникот за класификација на винските сорти грозје (Службен весник 6/2007).

**Прашање:** Дали средствата ќе се одобруваат и за нов насад од овошје? Дали е задолжително да се има сопствена нива?

**Одговор:** Согласно ИПАРД Програмата дозволено е копачење на постоечки и подигнување на нов овошен насад на иста површина. Нивата не мора да биде сопствена, но за под наем или концесија мора да се има адекватни документи кои ја докажуваат сопственоста.

**Прашање:** Ме интересира како може да се аплицира за финансии кои се добиваат преку ИПАРД за изградба на мини фарма за крави и за набавка на крави.

**Одговор:** Изградба на нови објекти за чување на молзен добиток, како и набавка на добиток не се предмет на кофинансирање согласно ИПАРД Програмата. Заинтересираниот може да поднесе барање за кофинансирање на опрема за краварска фарма, како и за реконструкција на постоечки објект за одгледување на крави.

**Прашање:** Дали е прифатливо да се аплицира за соларен систем кој би бил поставен на фарма или штала, таму би ги движел моторите од лактофризерот, машината за молзење , фрижидерите и осветлувањето во краварската фарма. Притоа системот се состои од соларни фотонапонски панели, акумулатори и инвертор преку кој ќе се напојува целиот систем.

**Одговор:** Наведените трошоци: соларни фотонапонски панели, акумулатори и инвертор преку кој ќе се напојува целиот систем на краварска фарма не се предмет на кофинансирање согласно оваа програма.

**Прашање:** Заинтересирани сме за аплицирање во мерката 10152, односно изградба на објект за одгледување на бројлери.Ме интересира дали минималниот број на бројлери треба веќе да постои при поднесување на апликација или може бројлерите да се набават по завршување на инвестицијата?

**Одговор:** Мининималниот планиран број на бројлери пред да се достави барањето и да биде пријавен како производствен капацитет во ПЕ на МЗШВ е 5.000,- бројлери.

**Прашање:** Дали може секое Трговско друштво регистрирано според Законот за трговски друштва да аплицира во мерката 10152 или потребно е неговата главна дејност да биде во областа на земјоделството?

**Одговор:** Трговско друштво со приоритетна дејност од земјоделството

**Прашање:** Дали може правно лице кое има во своја сопственост вкупно 180 ха лозје, поделено на повеќе блокови на различни

локации (секој до 40ха) да аплицира за набавка на машини (чистачи на плевел) за еден блок?

**Одговор:** Едно правно лице може да има еден производствен капацитет пријавен во ПЕ на МЗШВ,што значи и да е поделен производствениот капацитет по блокови истото се води под едно правно лице. Мин. површина според ИПАРД Програмата за правни лица е 0,5 ха а макс.е 50 ха под лозов насад. Чистачи на плевел се соодветен трошок по ИПАРД Програмата.

**Прашање:** Дали во мерка 101, во тип на инвестиција 101.11 и 101.12 се прифатливи инвестиции во замена на стари неефикасни системи за наводнување и набавка на специјализирана опрема со нова, ако притоа не се врши замена на насадот, односно ако насадот е помлад од 15 односно 20 години?

**Одговор:** Да

**Прашање:** Ако правното лице поседува 100 ха лозов насад а границата за апликација е 50ха дали правното лице ќе може да аплицира за обнова на лозовиот насад за 50ха?

**Одговор:** Нема да може да аплицира, бидејќи горната граница е до 50ха

**Прашање:** Ако се добијат средства од ИПАРД за обнова за лозов насад дали ќе може да се аплицира за државните субвенции?

**Одговор:**Да

**Прашање:**Фармер има овошен насад на површина од 2 хектари. Насадот е крчен пред 3 години. Дали има право да аплицира за ИПАРД и под кои услови?

**Одговор:** Може, ако се докаже дека е стар 15 години и повеќе со записник од Државен инспекторат за земјоделство за старост и сорта на овошни насади.

## МЕРКА 103

**Прашање:** Дали ИПАРД поддржува опрема за полнење на ракија?

**Одговор:** Не. Прифатлива е само опрема за полнење на вино.

**Прашање:** Одговорното лице (управителот) на нашето правно лице е доктор по ветеринарна медицина дали сепак треба да достави Сертификат за обука по хигиена на храна и заштита на животна средина (документ под реден број 22 во Барањето за мерка 103).

**Одговор:** Во колку е одговорното лице доктор по ветеринарна медицина се доставуваат документи за негово завршено образование.

**Прашање:** Во Упатството за ИПАРД на страна 34 стои дека се потребни 3 понуди за поединечни ставки и услуги над 10000 евра. Во случај на изградба на кланица дали поединечна ставка е набавка на целокупната опрема за кланица или пак набавка на опрема за сметување, набавка на опрема за евисцерација, набавка на опрема за ладење итн. Дали во Барањето за мерка 103 терминот поединечна ставка е заменет со терминот производ (документ под реден број 20)?

**Одговор:** Да достави три споредливи понуди со техничка спецификација од независни понудувачи за секоја поединечна набавка на стоки и услуги, доколку вредноста на поединечната ставка изнесува повеќе од 10.000 евра во денарска противвредност, или односно една понуда од независен понудувач со техничка спецификација за секоја поединечна набавка на стоки и услуги, доколку вредноста е под 10.000 евра во денарска противвредност.

**Прашање:** Дали инвестиција во прочистителна станица за винарија е прифатлив проект за ИПАРД ?

**Одговор:** Инвестирање во прочистителна станица за винарија не е прифатлива инвестиција согласно ИПАРД Програмата 2007-2013.

**Прашање:** Дали апликантот регистриран како Друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво-за производство трговија и услуги е прифатлив за аплицирање за инвестиција во подмерката 10332.

**Одговор:** Друштвото за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво-за производство трговија и услуги согласно ИПАРД Програмата 2007-2013 како потенцијален корисник за аплицирање за тип на инвестиција 10332 може да се јави само:

1) Ако правното лице е основано согласно Законот за трговски друштва, кое влегува во рамките на мало и средно претпријатие, да е обврзник за данок на додадена вредност, без државен капитал во основачкиот влог, регистрирани за обавување на релевантната дејност согласно Законот за безбедност на храната

("Службен весник на Република Македонија" број 157/2010, 53/2011 и 01/2012) и

2) Има големина на преработувачкиот капацитет од минимум 5.000 литри млеко до максимум 100.000 литри млеко на ден.

**Прашање:** Нашата фирма се занимава со преработка на месо.Дали можеме да аплицираме за инвестиција за набавка на машина за вакумирање, која машина е произведена во ЕУ, поточно во Холандија?

**Одговор:** ИПАРД Програмата 2007-2013 не дава можност за аплицирање за набавка на машина за вакумирање.Предмет на кофинансирање согласно оваа програма се инвестиции во постоечките претпријатија за преработка на месо за заштита на животната средина, т.е за третман на отпад и отпадни води, со цел намалување на негативното влијание врз животната средина и постигнување усогласеност со стандардите за заштита на животната средина.

**Прашање:** Пропишаниот минимален капацитет за изградба на нови кланици (мерка 10341) дали е 5500 грла на ден или 10000 грла на ден.

**Одговор:** Кланичен капацитет живина Тип на инвестиција 10341 мин. грла на ден 10.000 макс.30.000

**Прашање:** Во Упатството за корисници во заглавјето 2.6.2. Прифатливи специфични трошоци има ставка - набавка на опрема за заштеда на енергија ( искористување на соларна енергија , ветерници и геотермална енергија ). Дали ако во проектот се предвидат и фотоволтаици (сончеви панели) за производство на сончева енергија ке бидат вклучени во евентуалниот грант од ИПАРД програмата.

**Одговор:** Во Тип на инвестиција 10341 Прифатливи специфични трошоци се:Набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);

**Прашање:** Дали ладилник може да биде предмет на една од вашите програми?

**Одговор:** Ладилник е прифатлив трошок по ИПАРД Програмата во Тип на инвестиција 10321 Изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук.Прифатливи се следниве инвестициони активности:

- изградба на нови објекти за воспоставување на откупни центри за овошје и зеленчук,
- реконструкција на објекти на постоечки центри за собирање овошје и зеленчук,

- набавка на опрема и лабораториски прибор за нови и модернизирање на постоечки откупни центри за овошје и зеленчук и
- набавка на опрема за пред-ладење и ладење;

Прифатливи специфични трошоци: набавка на материјали за градба и елементи за изградба на нови објекти за собирање, прием, разладување, складирање и лабораториски простории за овошје и зеленчук, обновување на постојните објекти за собирање, прием, ладење, складирање и простории за контрола на квалитет на овошје и зеленчук;

## МЕРКА 302

**Прашање:** Ако е трговец поединец, а земјиштето е сопственост на сопственикот и управител на фирмата трговец поединец (каде законски одговара сопственикот со целиот свој имот), дали може да аплицира за проширување и реновирање на угостителски објект (тоалети, проширување на кујна) за што има градежна дозвола?

**Одговор:** Ако фирмата е трговец поединец имотот треба да биде на негово име или да има договор за закуп на минимум 10 години бидејќи се работи за реновирање на објект и негово проширување.

**Прашање:** Што подразбирате под градба во "Традиционален стил" за областа Тетово, Гостивар.

**Одговор:** Во врска со традиционален стил во барањето за мерка 302 стои дека архитектонскиот проект изготвен од страна на овластен архитект со кој се потврдува традиционалниот стил на градба од местото каде што е лоцирана градбата или краток опис на стилот и материјалите за градба кои се употребуваат во традиционалните градби во руралната средина каде што се наоѓа градбата поддржана со фотографии.

**Прашање:** Сопственик сум на приватна компанија од Скопје и заинтересирани сме за апликација за добивање на ИПАРД фонд, за нова инвестиција која сакаме да ја реализираме во областа на земјоделството, поточно, фабрика за етерични масла и сушара на разни производи. За сето имаме изготвено и бизнис план. Ве молам за информација која е постапката и условите за апликација, и како може да се реализира еден таков проект?

**Одговор:** Во тип на инвестиција 30211 Инвестиции за воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и вон земјоделско стопанство во листата на прифатливи трошоци влегува и Набавка на опрема за производство

и екстрахирање на ароматични масла и козметички производи Исто така прифатливо е и набавка на опрема за сечење,сушење,мелеше,дробење на билки за производство на чај и зачини.

**Прашање:** Доколку на површината има изградено карабина, дали може да се аплицира за нејзина доизградба, чиј дел кој ќе биде предмет на аплицирање ќе биде наменет за заеднички простории за кампинг (санитарни јазли, рекреативни простории, простории за подготовка на храна и сл)? Остатокот од градбата (кој не е дел од апликацијата) ќе биде наменет за приватно сместување.Инвестицијата се наога во с.Бардовци.

**Одговор:** ИПАРД Програмата 2007-2013 дава можност да се реконструира дел од објектот (пропратено со сите документи кои ја докажуваат легалноста на постапката -одобрение за градба, реконструкција и т.н.) и тоа за изградба на простории за угостителство (простории за приготвување и послужување на храна и пијалоци, приготвување оброци заради консумирање на друго место), набавка на опрема за угостителство (простории за приготвување и послужување на храна и пијалоци, приготвување оброци заради консумирање на друго место), изградба на места за сместување на отворено (место за кампување), изградба на капацитети за рекреација и инвестиции во дополнителни инсталации за да се задоволат санитарните, хигиенските и стандардите за заштитата на животната средина.
Но, сето тоа ќе треба добро да се потенцира во деловниот план кој дел од објектот ќе биде предмет на кофинансирање на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, како и за остатокот од објектот дека тој не е предмет на кофинансирање на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013.

**Прашање:** Дали апликантот( корисник) по мерка 30222 може да биде трговско друштво во рангот на средно претпријатие со регистрирано земјоделско производство (производство на традиционални млечни производи покрај останатите производи). Инвестицијата е промоција на руралниот туризам во мијачкиот регион, како и традиционалните производи од тој регион (дел од овие производи ги произведува трговското друштво).

**Одговор:** За мерка 302 потенцијален корисник е микро претпријатие со просек на вработени од 2-10, со годишен бруто обрт не поголем од 50.000 евра во денарска противвредност.

**Прашање:** Дали сместувачките капацитети за рурален туризам се предвидени само за винските региони ?

**Одговор:** Руралниот туризам е поврзан со земјоделската дејност, ридско-планински села, не само за винските региони. Прифатливите проекти кои се финансираат по мерка 302 треба да се лоцирани во рурални средини во согласност со одлуката на

Владата на Република Македонија за критериумите за утврдувањето на рурални средини.

**Прашање:** Дали програмата ИПАРД преку мерката 30222 финансиски би поддржала инвестиција за изградба на угостителско сместувачки капацитет (мотел) во рурална планинска средина надвор од урбанистички опфат?

**Одговор:** Изградба на мотел не е дозволено.Прифатливи се инвестиции за градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација. Во тип на инвестиција 30221 Инвестиции за реконструкција на објекти на земјоделско стопанство со намена за рурален туризам, придружен со рекреативни капацитети наведено е дека може да се реконструира постоечки објект и да се намени за рурален туризам. Проекти за изградба на нови објекти, изградба и реновирање на куќи за живеење и исклучиво изградба на рекреативни капацитети без инвестиции во рурално сместување не се предмет на кофинансирање по ИПАРД програмата.

**Прашање:** Дали за финансирање во рамките на мерката 302, инвестиција 30221, можат да аплицираат сопственици на куќи кои сакаат да ги пренаменат во објекти за рурален туризам или можат веќе да имаат туристички објекти за рурален туризам, или мораат веќе да имаат туристички објекти како услов за аплицирање?

**Одговор:** Не е прифатливо изградба на нови објекти, изградба и реновирање на куќи за живеење и исклучиво изградба на рекреативните капацитети без инвестиции во рурално сместување, што наведува на заклучок дека на крајот на инвестицијата реконструираниот објект треба да биде наменет за рурален туризам со соодветна дозвола за угостителска дејност.

**Прашање:** Дали во мерка 302 за набавка на опрема за преработка на мед (пр. центрифуга) истата мора да биди на локацијата каде е инвестицијата или можи да биди сместена дома кај апликантот?

**Одговор:** Набавката на опрема за преработка на мед (пр. центрифуга) мора да биде на локацијата каде е инвестицијата, под услов да е во рурална средина.

**Прашање:** Во мерката 30222, дали доградбата на угостителски објект во склоп на веќе постоечки рибник, е условена и со изградба на рекреативен капацитет (пешачка патека, платформи за риболов и сл.)?

**Одговор:** Не

**Прашање:** Дали во мерка 30213 инвестиции во рекреативен туризам можат да конкурираа концесионерите на ловишта (носители на

ловостопанки основи)?

**Одговор:** Концесионерите на ловишта не се прифатливи корисници.

## ОПШТИ ПРАШАЊА

**Прашање:** Дали склучени договори со трети лица значат започнување на инвестицијата?

**Одговор:** Да. Склучен договор со изведувач значи и започнување на инвестицијата. Барањата кои во прилог на целокупната документација вклучуваат склучени договори со трети лица за набавка на добра и услуги (освен за општи трошоци, како што се изработката на Деловен план, физибилити и слични студии кои спаѓаат во оваа категорија трошоци) ќе бидат одбиени како неприфатлив согласно член 44, став 2 од Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Р.Македонија и спроведување на помошта според компонента V (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош (ИПА). Договор склучен со проектантско биро за предмер и проектантска пресметка на градежните работи не значи и почеток на инвестицијата. Договор за ревизија на проектната документација, како и договор за надзор спаѓаат во дозволени трошоци поврзани со проектната документација (општи трошоци)и истите договори не значат започнување на инвестицијата.

**Прашање:** Дали сончеви колектори се прифатливи во ИПАРД програмата ?

**Одговор:** Да. Опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна и геотермална енергија, биогас, ветерници) како придонес кон заштита на животната средина, проектите кои вклучуваат ваков тип на опрема имаат предност при изборот на корисниците. За инвестиции 10132, 10321, 10322, 10331, 10332, 10341, 10342, 30211 и 30212.

**Прашање:** Дали можам да користам средства од ИПАРД програмата за инвестирање во производство на биодизел?

**Одговор:** Со ИПАРД Програмата не се поддржува производство на биодизел.

**Прашање:** Сакам да се занимавам со чување на кози од 80-100 броја. Дали постојат финансиски олеснувања за овој вид на дејност и колку? За купувањето на кози и потребната технологија, за изградба на шталата?

**Одговор:** Услов за користење на средства по ИПАРД програмата (во вашиот случај за козарство) е да се има пријавен производен капацитет во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопнство од минимум 50 кози. Доколку немате кози, не би можеле да добиете средства согласно ИПАРД Програмата.

**Прашање:** Кои трошоци се нарекуваат недозволени?

**Одговор:** Даноци (вклучително и ДДВ), царини и увозни такси, купување, изнајмување или закуп на земја и објекти, казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови, осигурителни премии, надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување, оперативни трошоци, користени машини и опрема, банкарски трошоци, трошоци за гаранции, придонеси во натура.

**Прашање:** Кое е дозволеното учество на државниот капитал во фирмата која што конкурира за средства од ИПАРД?

**Одговор:** За мерка 101 и 302 правното лице во својот капитал не треба да има удел од државата поголем од 25%.За мерката 103 правното лице треба да е без државен капитал.

**Прашање:** Од каде може да се набави опремата за инвестицијата?

**Одговор:** Опремата за инвестицијата може да биде набавена само од земји членки и кандидати за влез во ЕУ, како и други земји кои имаат посебен договор со ЕУ, а се дефинирани во посебен анекс на програмата.

**Прашање:** Дали можам повеќе пати да поднесувам барање за поддршка од ИПАРД?

**Одговор:** Да, но се до моментот додека не го достигнете дозволениот максимум за дадената мерка. Доколку, пак, претходно сте користеле средства, на ново барање можете да сметате откако ќе ги завршите обврските кои произлегуваат од претходната поддршка.

**Прашање:** Кој го врши изборот на најповолен понудувач за набавка на потребна опрема која ќе се финансира од програмата на ИПАРД?

**Одговор:** Вие самите го вршите изборот. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ја почитува Вашата волја доколку цените за опремата која сте ја избрале е

во рамките на референтната листа на цени за опремата за која се бараат средства. Сепак, во случај кога е избрана најскапата понуда, мора да се има соодветно објаснување зошто е направен таков избор.

**Прашање:** Дали е прифатливо понудите да бидат испратени по е-маил ако се работи за понуди од Грција, Хрватска и Србија ? Дали може ваквите понуди испратени на е-маил да бидат преведени и заверени од овластен судски преведувач и да бидат валидни, прифатени ?

**Одговор:** Документите кои се доставуваат во прилог на барањето за финансиска поддршка треба да се оригинал на македонски јазик или копија заверена на нотар. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена од превод на македонски јазик оверен од овластен преведувач.

**Прашање:** Дали 3 понуди треба да има од 3 производители или добавувачи? Што ако постои само 1 производител?

**Одговор:** Треба да има 3 понуди од различни добавувачи. 1 производител може да има повеќе реални добавувачи кои не се капитално поврзани.

**Прашање:** Колку треба да платам за изработка на инвестициски план?

**Одговор:** Наплатата на оваа услуга е предмет на договор помеѓу Вас и изработувачот, но истиот не треба да го надминува дозволениот процент од дозволените трошоци за инвестицијата за која се изработува планот и изнесува 4 или 5 % од вкупната инвестиција.

Советниците од АПРЗ ќе ги нудат своите услуги за помош за изработка на бизнис план и пополнување на апликацијата за ИПАРД бесплатно, за потенцијалните корисници по мерките 101 и 302.

**Прашање:** Дали можам сам да си направам план и распоред на објектите кои ми се потребни?

**Одговор:** Да, бизнис планот може да го направите сам. Не, сите објекти и распоредот во рамките на истите мора да бидат изработени од лиценцирани архитекти, кои ќе ви изработат документ според стандардите кои владеат во Европската Унија.

**Прашање:** Дали треба да се пополни целото Упатство за изработка на деловниот план и да се достави заедно со Деловниот план?

**Одговор:** Упатството за изготвување на деловен план е Упатство кое објаснува што треба да содржи Деловниот план, претставување

со реални податоци (поткрепени со реални бројки) и реална слика за претходното работење и визија за идното инвестирање на барателот на средства за ко-финансирање.

**Прашање:** Дали ми е потребна проценка за влијание на животната средина за мојот проект планиран за инвестирање од ИПАРД фондовите?

**Одговор:** Да, овој документ е потребен само за нова инвестиција. Имајќи во предвид дека ИПАРД подржува градење на нови капацитети само во случај на бројлерско производство и кланици за бројлери, како и воспоставување на собирни центри за зеленчук и овошје и млеко (мерка 103) за овие инвестиции, треба да се побара мислење од Министерството за животна средина дали е потребно да се подготви елаборат за проценка на влијанието на проектот планиран за финансирање од ИПАРД.

**Прашање:** Дали ќе бидам спречен да поднесам барање за користење средства ако општината во која живеам нема изработено Стратегија за локален економски развој?

**Одговор:** Не. Наспроти фактот дека општината нема изработено стратегија за локален економски развој, Вие имате право да поднесете предлог за користење на ИПАРД средства. Во ваков случај, во посебен дел од бизнис планот ќе треба да го опишете ефектот кои ќе го предизвика Вашата инвестиција врз развојот на руралната/локалната економија.

**Прашање:** Кога можам да започнам со предвидените активности?

**Одговор:** Само откако ќе добиете известување за одобрување на инвестицијата и ќе го потпишете договорот со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Секој трошок направен пред добивањето известување и потпишан договор со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (освен дозволената група трошоци) нема да биде сметан за прифатлив и нема да Ви биде исплатен.

**Прашање:** Кога може да ги очекувам средствата?

**Одговор:** По завршувањето на сите активности предвидени во планот за инвестицијата, поднесувате барање за исплата до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. По извршената контрола од страна на контролорите на Агенцијата можете да очекувате исплата на максимум 50% од вкупно прифатливите трошоци. Без поднесено барање, исплата на средствата нема да се изврши.

**Прашање:** Дали по завршувањето на инвестицијата можам истата да ја отуѓам?

**Одговор:** Не, должен сте да ја задржите дејноста и се што е предмет на поддршка од ИПАРД за време од 5 години од исплатата на средствата од ИПАРД.

**Прашање:** Кој ја врши контролата на терен?

**Одговор:** Вработените во секторот за контрола при Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Истите по пристигнувањето на Вашиот имот ќе се легитимираат и ќе Ви ја образложат природата на нивната посета. Вие сте должни да им обезбедите непречен пристап до целокупната документација, простории и опрема предмет на барање средства од ИПАРД.

**Прашање:** Дали учеството на корисникот на почеток на инвестицијата е 50%?

**Одговор:** Не. Учеството на корисникот во инвестицијата е 100%, односно мора да ја направи целата инвестиција, а барање за поврат на средствата се поднесува по завршување на инвестицијата.

**Прашање:** Дали средствата кои би се подигнале од ИПАРД Програмата се повратни средства и како се враќаат, колкав период?

**Одговор:**

Поддршката по основ на ИПАРД програмата е по принцип на грант -доделување на неповратни финансиски средства (грант) во висина од 50% од вкупната прифатена инвестиција, од кои (75%) од Буџетот на Европската Унија и (25%) од Буџетот на Република Македонија.

**Прашање:** Дали потенцијалните корисници кои имаат имплементиран HACCP може да аплицираат за средства од ИПАРД?

**Одговор:** HACCP е меѓународен систем. ИПАРД Програмата обезбедува средства за обезбедување минимални стандарди на ЕУ. Имплеметираниот HACCP и други стандарди ја подобруваат конкурентноста на потенцијалниот корисник и не влијаат на подобноста на корисниците за користење на средствата зод ИПАРД, се додека постојат делови кај корисникот каде постојат недостатоци во достигнувањето на стандардите на ЕУ. Во оваа смисла, правните лица кои имаат Извозен бр. не може да конкурираат за средства од ИПАРД, бидејќи Извозниот бр. значи дека се достигнати стандардите на ЕУ.

**Прашање:** Дали може да аплицира и здружение на граѓани во ИПАРД Програмата и ако може во која мерка би можело , бидејќи во

програмата не видов, а за ипард мислам дека може да се направи проект корисен за граѓаните од здружение на граѓани Неготино.

**Одговор:** Здружение на граѓани не е потенцијален корисник согласно ИПАРД Програмата

**Прашање:** Каде и кога се поднесуваат барањата по ИПАРД?

**Одговор:** По објавување на јавниот повик ќе можете да аплицирате по ИПАРД Програмата. Барањата за користење на средства од ИПАРД програмата со потребната документација треба да ја доставите по пошта или лично во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на адреса бул.Трета Македонска Бригада бр.20, Скопје.

**Прашање:** Дали Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој има рок за одговор по апликации?

**Одговор:** Да, до 3 месеци.

**Прашање:** Колкаво би било максималното време од затварање на ИПАРД повикот до евентуално потпишување на договор по кој би можеле да ја реализираме инвестицијата (со цел да направиме динамика на планирани набавки со евентуален добавувач на производот/услугата)?

**Одговор:** Со завршување на јавниот повик следи период на обработка на податоци. По однос на примените барања за финансиска поддршка Агенцијата издава решение кое го доставува на странката најдоцна во рок од три месеца од истекот на рокот за поднесување на барањето на финансиска поддршка утврден во програмите за финансиска поддршка, односно огласот за доставување барања за финансиска поддршка

**Прашање:** Дали каматите и ДДВ се прифатливи трошоци?

**Одговор:** Каматите и ДДВ се неприфатливи трошоци.

**Прашање:** Дали монтажа на набавена опрема која треба да ја изведе стручно лице влегува во прифатливи трошоци?

**Одговор:** Ако е посебно издвоена, нема да се смета за прифатлив трошок; ако е вклучена во цената и не е издвоена тогаш може да влезе во прифатливи трошоци.

**Прашање:** Дали за градежните активности, се прифаќа фактура само за набавен материјал, а не за вграден материјал?

**Одговор:** Не, се прифаќа и вградениот материјал, услуги на

надзор, работна рака на трети лица (треба да постои Договор за работа со физички лица).

**Прашање:** Дали постои фонд преку кој индивидуалните земјоделци ќе можат да дојадат до средства за инвестирањата?

**Одговор:** Во Министерството за финансии се консолидираа средства во Земјоделски кредитен дисконтен фонд, со кој се кофинансира ризикот на комерцијалните банки со што истите се принудуваат да одобруваат кредити за вакви политики. Каматните стапки се приближно 4% за примарно производство, 5% за преработувачка и оперативен капитал за откуп. Се смета дека при аплицирање за кредити во банките, склучениот договор за користење на ИПАРД средствата ќе биде поволна околност за корисникот, затоа што е извесно дека 50% од инвестираните средства ќе се вратат преку ИПАРД фондовите.

**Прашање:** Дали шумите се дел од програмата на ИПАРД?

**Одговор:** Шумите не се предмет на кофинансирање по ИПАРД Програмата.

**Прашање:** Имам земјоделска аптека ,ќе ве молам да ми одговорите за што можам да аплицирам. Дали ипард програмата помага со парични средства и што помага?

**Одговор:** Земјоделска аптека не е предмет на кофинансирање согласно ИПАРД Програмата.

**Прашање:** Дали со ИПАРД програмата се опфатени и полжавите како извор за добивање на месо?

**Одговор:** Не, полжавите не се прифатливи.

**Прашање:** Дали со ИПАРД програма се опфатени и изградба на собирни центри за фармско одгледување на печурки, а не само диворастечките?

**Одговор:** Изградба на нови откупни центри за печурки се предмет на кофинансирање по ИПАРД Програмата.

**Прашање:** Во делот, каде се бараат ушни маркици и пасоши како документ, дали тоа важи и за свињите бидејќи тие немаат ушни маркици?

**Одговор:** Не

**Прашање:** Дали постои рок во кој ќе треба да се реализира инвестицијата?

**Одговор:** Во бизнис планот самите апликанти наведуваат во колку фази и кога ќе ја реализираат инвестицијата. За секоја фаза ќе им се исплаќа поединечно, меѓутоа рокот не смее да биде подолг од 2 год. Во наредните 5 год инвестцијата не смее да се промени.

**Прашање:** Доколку се купува опрема/механизација која година на производство треба да биде истата?

**Одговор:** Дозволена е набавка на нова опрема/механизација не постара од две години.

**Прашање:** Постои објект на фарма (диноградба) Дали може истиот да се легализира за да се аплицира?

**Одговор:** Да. Доколку инвестицијата не е во спротивност со законските прописи на Локалната Самоуправа. Апликантот поднесува барање до Општината за добивање на индивидуална/поединечна урбанизација на локација во рурална средина.

**Прашање:** Како апликантот ќе докаже дека досега бил производител на градинарски култури на отворено? (како и со кој документ е регулирано тоа)

**Одговор:** Мора да биде регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, каде пријавил произвидство на градинарски култури на отворено и од таму ќе добие потврда за тоа.

**Прашање:** Дали треба односно дали мора да се реши прашањето со арско ѓубриво за да се аплицира?

**Одговор:** Да, за арското ѓубриво потребно е да се исполнат критериумите кои се потребни за основање на објект за складирање на арско ѓубре во прилогот 4 во упатството.

**Прашање:** Дали националните стандарди за млеко треба да се во согласност со стандардите со ЕУ?

**Одговор:** Да

**Прашање:** Дали со ИПАРД програмата се опфатени инвестиции за нови технологии при производство на јајца?

**Одговор:** Не

**Прашање:** Дали со ИПАРД е предвидена подршка за преработка и печење на ракија од слива на традиционален начин?

**Одговор:** Не